# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

22 Јуни 2020 година, Гевгелија | Број 6 | Година XXXIX

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.06.2020 година, расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Богданци за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Богданци и Општина Гевгелија, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се прифаќа Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на определени работи од страна на Општина Гевгелија за Општина Богданци од областа на инспекциските служби-градежен инспектор, доставена од страна на Градоначалникот на Општина Богданци под архивски бр.09-857/1 од 08.06.2020 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-995/1
19.06.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 2 став (2), член 4 став (3) и член 9 став (2) алинеа 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр.79/09 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Богданци бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 19.06.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Богданци со Општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Богданци со Општина Гевгелија, формата на меѓуопштинската соработка и предметот на соработката.

**Член 2**

Меѓуопштинска соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на Општина Гевгелија за Општина Богданци.

**Член 3**

Работите кои Општина Гевгелија ќе ги извршува за Општина Богданци се од областа на инспекциските служби-градежен инспектор.

**Член 4**

За вршење на работите од членот 3 на оваа Одлука Општина Богданци со Општина Гевгелија ќе склучат договор со кој поконкретно ќе се утврди видот на работите, извршителот на работите, начинот на извршувањето и висината на надоместокот за извршените работи.

Договорот ќе го склучат Градоначалниците на двете општини.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-996/1
19.06.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.06.2020 година, расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гевгелија за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Струмица, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се прифаќа Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на определени работи од страна на Општина Струмица за Општина Гевгелија од областа на внатрешната ревизија, доставена од страна на Градоначалникот на Општина Гевгелија под бр.08-967/1 од 15.06.2020 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-997/1
19.06.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 2 став (2), член 4 став (3), член 5 став (1) и член 9 став (2) алинеа 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр.79/09 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 19.06.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Гевгелија со Општина Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Гевгелија со Општина Струмица, формата на меѓуопштинската соработка и предметот на соработката.

**Член 2**

Меѓуопштинска соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на Општина Струмица за потребите на Општина Гевгелија.